**До**
**Македонска берза АД Скопје**
ул. Орце Николов бр.75, Скопје

**Од**
**Осигурително брокерско друштво**
**ИУТЕ САФЕ АД Скопје**
ул. Пиринска бр. 29, Скопје
(„**ИУТЕ САФЕ**")

Скопје, 16.07.2025 год.

**Предмет:** Известување по чл.166-б од Законот за хартии од вредност

Почитувани,

Согласно чл.166-б став 1 алинеја 3 и алинеја 5 од Законот за хартии од вредност, известуваме дека:

- извршена е статусна измена; и
- издадена е нова емисија на хартии од вредност.

Имено, на 03.03.2025 година донесена е Одлука за зголемување на основната главнина на ИУТЕ САФЕ со трансформација на заем во влог преку издавање на нови обични акции од втора емисија по пат на приватна понуда, како и Одлука за трансформација на заем во влог во ИУТЕ САФЕ во постапката за зголемување на основната главнина. Со предметните одлуки беше одлучено да се изврши трансформирање на претходно даден заем од страна на единствениот акционер на ИУТЕ САФЕ во влог во ИУТЕ САФЕ преку издавање на втора емисија на 100.000 обични акции по пат на приватна понуда, со номинална вредност на една обична акција од 1 ЕУР.

Предметната емисија беше одобрена со Решение за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда бр.10-15 на Комисијата за хартии од вредност на РСМ од 29.05.2025 година.

ИУТЕ САФЕ спроведе постапка пред трговскиот регистар за зголемување на основната главнина со влогови, преку издавање нови акции од предметната емисија, со што претходно запишаната основна главнина во износ од 50,000 ЕУР, поделена на 50.000 обични акции, се зголеми и основната главнина моментално е во износ од 150,000 ЕУР, поделена на 150.000 обични акции.

Со почит,

**За ИУТЕ САФЕ,**

Бојан Колемишевски, управител